СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНО-НАДЗОРНИ РАБОТИ
Дата......18-5806/3
Арх.бр.......16-10-2023

# Извештај
## за извршен надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво на Град Скопје за 2023 година

Комисијата за вршење надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво, формирана од страна на министерот за животна средина и просторно планирање со Решение бр. 18-1096/1 од 06.02.2023 година, а согласно Планот за вршење на надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 18-1096/2 од 16.02.2023 година спроведе надзор на законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на Град Скопје. Надзорот е извршен врз основа на пополнет прашалник доставен од страна на Град Скопје со допис број 18-3329/5 од 21.06.2023 година кој претходно беше доставен до надлежните органи од страна на министерството.

Во областа на спроведувањето на Законот за инспекциски надзор во животната средина може да се набројат неколку точки согласно одговорите во прашалникот, имено:

1. Согласно Актот за систематизација, Инспекторатот на Град Скопје се состои од одделение за комунална инспекција, одделение за инспекција на патен сообраќај и инспекција на патишта, одделение за даночна инспекција и инспекција за наплата на комунални и други такси, одделение за инспекциски надзор над животната средина во Град Скопје и одделение за комунални редари. Согласно систематизацијата на Град Скопје, одделението за инспекциски надзор над животната средина располага со шест позиции за Советник – Овластен инспектор за животна средина, од кои пополнети се пет работни места;
2. Не е воспоставена заедничка администрација за вршење инспекциски надзор во областа на животната средина со други општини;


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403

3. Град Скопје нема донесено предлог програма за инспекциски надзор во животната средина до Државниот инспекторат за животна средина поради непостоење на техничко-административни услови, а од страна на ДИЖС не е побарана предлог програмата за 2023 година. Ова укажува на фактот дека не е постапено по член 12 (4) од Законот за инспекциски надзор во животната средина според кој директорот на ДИЖС треба да ја донесе програмата врз основа на предлог-програми подготвени и доставени од општините и од Градот Скопје.
4. Доставен е годишен план на Инспекторатот, со број 22-14243/1 од 20.12.2022, согласно член 33 од Законот за инспекциски надзор, но нема податоци дали истиот е доставен до ДИЖС согласно член 15 од Законот за инспекциски надзор во животната средина со оглед на тоа што ДИЖС треба врз основа на поединечно подготвените Годишни планови од страна на Државниот инспекторат за животна средина и општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје да подготви Годишен план за инспекциски надзор во животната средина на Република Северна Македонија;
5. Посебни услови за работа на овластените инспектори за животна средина со кои се гарантира соодветен степен на заштита не се потребни во повеќето инсталации поради карактерот на нивната дејност, а во оние каде што треба да ги има, истите се обезбедени од самите инсталации. Дополнително инспекторите се покриени со осигурување од ризици настанати при работа согласно Законот.
6. При вршење на инспекциски надзор овластените инспектори за животна средина користат листи на проверка.
7. При спроведувањето на инспекциски надзор над субјектите кои вршат дејности за кои е потребна Б-интегрирана еколошка дозвола, овластените инспектори не изготвуваат извештај од надзорот поради одложената примена на Законот за инспекциски надзор во животната средина во договор со Државниот инспекторат за животна средина. Врз основа на овој одговор се заклучува дека Град Скопје не постапува согласно член 37 од Законот за инспекциски надзор во животната средина;

8. Од страна на инспекторатот за животна средина за 2022 година извршени се вкупно 464 инспекциски надзори;
9. Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор се утврди дека субјектот не се придужува кон законите и другите прописи, техничките и другите прописи, стандарди и останати акти и покрај определувањето на рокот до кој неправилностите треба да се отстранат, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочка постапка пред надлежен орган;
10. Инспекторатот на Град Скопје има потреба од обуки за инспекциски надзор и материјални закони од областа на животната средина;
11. При примена на инспекциската постапка инспекторите на Град Скопје се соочуваат со физички напади по живот од страна на субјектите на надзор, како и недавање на лични податоци при подготовка на записникот од надзорот.

Согласно член 43 (3) од Законот за инспекциски надзор во животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање ги дава следните укажувања, насоки и мерки за понатамошни постапувања:
- Да се постапи согласно член 12 (4) од Законот за инспекциски надзор односно предлог програма за инспекциски надзор во животната средина да се достави до Државен инспекторат за животна средина (рок за постапување – 1 месец).
- Да се постапи по член 14 од Законот за инспекциски надзор во животната средина односно годишниот план да го достави на мислење до МЖСПП и по член 15 од Законот за инспекциски надзор во животната средина да го дистави до ДИЖС (рок за постапување – 1 месец).
– При спроведувањето на инспекциски надзор над субјектите кои вршат дејности за кои е потребна Б-интегрирана еколошка дозвола, овластените инспектори да изготвуваат извештај од надзорот односно да постапуваат согласно член 37 од Законот за инспекциски надзор во животната средина. (рокот за постапување започнува од 01.01.2024 година.)

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНО-НАДЗОРНИ РАБОТИ

Дата............................

Арх.бр............................

**Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор во животната средина Град Скопје треба да постапи по горенаведените укажувања и по изминување на дадениот рок да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање со писмен допис.**

Скопје, 2023 година

Претседател на Комисија
Тања Пауновска ____________________

Членови на Комисијата:
Тања Кироска Донски ____________________
Lumni Jashari ____________________